# 2016

# ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2016 ГОДИНА**



**Содржина**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ........ 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ........ 4

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 4

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ........ 4
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 5
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ........ 6

IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ........ 8

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 10

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ........ 10

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ........ 12

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ ........ 24

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 34

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ........ 37

XI БИБЛИОТЕКА ........ 38

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 39

XIII СТАТИСТИКИ ........ 40

XIV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО ........ 42

**јануари 2017, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**
**www.jpacademy.gov.mk**

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, во 2016-тата година, одбележа 10 години од своето постоење. Низ успешната реализација на сите предвидени активности, ја потврди својата максимална посветеност кон унапредување на ефикасноста и ефективноста на правосудниот систем, по пат на професионалното стручно усовршување и обуката на судиите, јавните обвинители, на судската и јавнообвинителската служба.

Академијата, и во 2016-тата година, работеше на унапредување на квалитетот на обуките, со избор на нови содржини, методи и теми, согласно со меѓународните стандарди и програми за обука, на јакнење на сопствените капацитети, ја прошири и ја зајакна домашната и меѓународната соработка, а воедно, доследно ги спроведуваше препораките на Европската комисија, содржани во извештаите за следење на прогресот на Република Македонија, на ГРЕКО од Четвртиот круг на оценка и од други меѓународни извештаи, со што континуирано дава свој придонес во јакнење на стручноста, професионалноста и независноста на правосудството како еден од приоритетите на правосудните реформи во Република Македонија, а клучен приоритет од Партнерството за пристапување кон Европската Унија.

Подобрувањето на компетентноста на правосудството по пат на реформи на системот за управување со перформансите и зајакнување на системите за почетна и континуирана обука, со акцент на зајакнување на капацитетите на Академијата, е еден од приоритетите, содржани во Планот на активности на Владата на РМ, подготвен врз основа на „Листата на итни реформски приоритети за РМ“ (согласно со Извештајот на Рајнхард Прибе). Во таа рамка, Академијата ги спроведе сите мерки со рок за спроведување до крајот на 2016-тата година и тоа, во соработка со партнерите, реализираше обуки, семинари, тркалезни маса, обуки за обучувачи и други едукативни настани на базично и напредно ниво, за зајакнување на наставниот кадар, со посебен акцент на етичките принципи, етичкото однесување, на судиите и јавните обвинители, со цел за зајакнување на интегритетот и зголемување на довербата кај јавноста.

Постапката за прием на VI генерација слушатели на почетна обука, по спроведувањето на приемниот испит за слушатели на почетна обука, е во завршна фаза. Воедно, беше спроведен уште еден јавен оглас за прием на 60 слушатели на почетна обука – кандидати за јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр.163/2016), на кој се пријавија вкупно 121 кандидати.

Во однос на развојот на капацитетите за примена на судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), Управниот одбор на Академијата ја прифати предлог-листата на кандидати за 6-месечен престој и работа во ЕСЧП, од кои шест беа од редот на судиите, а тројца од редот на јавните обвинители и, во месец ноември, ја испрати листата до ЕСЧП, кој ја спроведува конечната селекција.

Со цел да се оцени ефикасноста на обуките и нивниот ефект врз подобрување на квалитетот на редовната судска и обвинителска практика, во рамките на ИПА 2010

проектот, ангажираниот експерт даде препораки за развој на „Методологија за оцена на ефикасноста на обуките со механизми за квалитативна оценка на обуките“, по што ќе следи нивна имплементација во партнерството со клучните домашни правосудни институции.

Реализацијата на „Програмата за работа за 2016 година“ беше целосна, а се исполнија и сите законските обврски во поглед на континуираната обука на судиите, обвинителите и другите целни групи, преку реализација на годишните планови за обука, за 2016-та година. Во целост беа реализирани и сите проектни активности кои произлегоа од меѓународната соработка на Академијата со нејзините странски партнери.

Во насока на промовирање на правосудниот систем на Република Македонија и на неговите вредности, Академијата продолжи со јакнење на партнерството со институциите за обука на земјите од регионот и од Европа, во делот на имплементацијата на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обука, преку активното учество и вмрежување во Регионалниот совет за соработка (РЦЦ), учество во активностите на меѓународните тела и организации на Европската Унија, Советот на Европа и пошироко, и тоа Европската мрежа за правосудна обука (ЕЈТН), Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа, Советодавниот совет на европските судии (ССЕС), Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ), Меѓународната мрежа за судска обука (ИЈОТ) и многу други, притоа обезбедувајќи компаративни информации и превод на документите кои имаа значаен придонес во јакнењето на квалитетот и ефикасноста на правосудството.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“, бр. 20/2015), со измените и дополнувањата („Службен весник на РМ“, бр. 192/2015 и 231/2015), во поглед на статусот, го унапредува претходниот законски концепт во однос на независноста и самостојноста на Академијата, како и на стручноста и компетентноста на нејзините органи и тела, и на постојаното зајакнување на капацитетите, особено на наставниот кадар. Воедно, сите подзаконски акти, во рамките на надлежностите на Управниот одбор, се усогласени со новиот Закон за Академијата и поблиску ги уредуваат внатрешната организација и начинот на извршување на сите сегменти од дејноста на Академијата.

## III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### 1. <u>РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА</u>

Управниот одбор на Академијата, во текот на 2016-тата година, одржа 15 седници, на кои се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор. На предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор утврди „Програма за полагање

приемен испит во Академијата“, „Програма за почетна обука – теоретска настава“, „Општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители“ и „Специјализирана програма за доброволна континуирана обука (обука на службениците)“. Покрај наведените, утврди и „Програма за волонтирање во Академијата“ за 2016-та година. Во однос на подзаконските акти, Управниот одбор донесе „Статут за дополнување на Статутот на Академијата“, „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за почетна обука“, „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Академијата“ и „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за надоместоците“.

Управниот одбор на Академијата ги усвои „Извештајот за работата на Академијата за 2015 година“, завршната сметка за 2015 г., „Програмата за работа во 2016 година“, го донесе „Планот за јавни набавки за 2016 година“, „Финансискиот план“, а врз основа на позитивното мислење на Програмскиот совет, утврди дополнување на Листата на предавачи на Академијата и пречистен текст на Листата.

Во почетокот на 2016-тата година, Управниот одбор ја следеше состојбата во врска со завршниот испит на слушателите на почетна обука – V генерација, одлучуваше по поднесените жалби од страна на слушателите против решенијата на Комисијата за завршен испит, во врска со резултатите од завршниот испит.

Во текот на 2016-тата година, Управниот одбор, во поглед на приемниот испит за кандидатите за шестата генерација слушатели, согласно со законските надлежности, одлучуваше по поднесените жалби од страна на кандидатите, против решенијата на Комисијата за приемен испит, во врска со резултатите од полагањето на квалификацискиот тест и резултатите од полагањето на писмениот и усниот дел од испитот.

Управниот одбор беше редовно информиран од страна на директорот за сите тековни активности во рамките на дејноста на Академијата, донесуваше заклучоци и одлуки во доменот на својата надлежност, меѓу кои и одлуката за објавување јавен оглас за прием на 60 слушатели на почетна обука, во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Сл.весник на РМ“ бр. 231/2016). Во насока на спроведување на итните реформски приоритети, Управниот одбор донесе одлука за формирање Комисија за селекција на кандидати за 6-месечен престој и работа во ЕСЧП и „Упатство за начинот на избор на судии и јавни обвинители кои се испраќаат на престој и работа во ЕСЧП“, врз основа на што Комисијата изврши селекција на кандидатите, пријавени на јавниот повик.

Покрај тоа, Управниот одбор разгледуваше понуди за проекти и даваше насоки за соработка со сродни институции, организации и здруженија, од земјата и од странство.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата ги следи реализирањето на програмите за обука, нивната ефикасност и успешност, дава мислење за листата на

предавачи и континуирано работи на надградба и на унапредување на програмите за обука, на наставните методологии и техниките, во соработка со предавачите, менторите, директорот и стручната служба на Академијата, во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2016 година, постапувајќи во рамките на своите надлежности, предвидени со Законот за Академијата, и со Статутот, Програмскиот совет одржа седници со кои претседаваше директорот на Академијата и на кои даде насоки и ги утврди: „Предлог-програмата за полагање приемен испит во Академијата“, „Предлог-програмата за почетна обука – теоретска настава“, „Предлог-општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители“ и „Предлог-специјализирана програма за доброволна континуирана обука (обука на службениците)“ и го одобри дополнувањето на листата на предавачи кои ги исполнуваат условите, во согласност со новиот Закон за Академијата.

Во рамките на новата надлежност, предвидена со Законот за Академијата, Програмскиот совет работеше на верификација на базите на прашања и базите на студии на случаи за спроведување на приемниот и завршниот испит во Академијата, претходно изготвени од страна на предавачите, определени од Управниот одбор на Академијата.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмата за работа на директорот, усвоена од Управниот одбор на Академијата, беше во целост спроведена, во соработка со стручната служба. Како дел од редовните работни активности, во рамките на низата советувања, тркалезни маси, обуки и конференции, кои беа организирани во периодот од јануари до декември 2016 година, во соработка со домашни и странски/меѓународни релеванти институции и проекти, на кои учествуваа и излагаа национални и странски експерти, директорот имаше вкупно 35 поздравни и тематски обраќања.

Директорот оствари работни состаноци со претставници на домашни и меѓународни институции, на амбасади и проекти, евалватори на проекти, со цел договарање и успешна реализација на проектите, размена на искуства, на предавачи, организирање студиски посети и издавање публикации, односно со цел продлабочување на домашната и меѓународната соработка со правосудствата на голем број држави.

Во својство на предавач, директорот на Академијата излагаше на поголем број актуелни теми, посветени на одредени новини во законодавството на Република Македонија, кои се однесуваа на новиот ЗКП, на корупцијата, судирот на интереси, судската практика на Европскиот суд за човекови права, со осврт на одделни членови од „Европската конвенција за човекови права“, на етиката и етичкиот кодекс, антикорупциските мерки, слободата на изразување, криминалот од омраза, семејно

насилство, а учествуваше во подготовката и промоцијата на публикации, прирачници, збирки на документи и преводи на пресуди на ЕСЧП.

Под мотото „10 години професионална обука на правосудството“, Академијата работно го одбележа јубилејот, така што беа организирани Регионална конференција за борба против тероризам и работни настани, со учество на странски експерти, како и Регионална конференција, на која присуствуваа директорите од институциите за правосудна обука од регионот, а чија цел беше зајакнување на соработката помеѓу правосудните институции, во насока на спроведување поефикасна обука за судиите и јавните обвинители, со учесници од Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Турција, Албанија и од Косово, а во соработка со РЦЦ и со Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – правна реформа (GIZ), го организираше регионалниот состанок на директорите на академиите од регионот, со учество на Академијата за европско право (ERA), Генералниот секретар на Европската мрежа за правосудна обука (EJTH) и претставници од Советот на Европа (ХЕЛП).

Директорот активно учествуваше во работните групи за судството и за казнено-правен систем, кои беа формирани за подготовка на „Стратегијата за реформа на правосудниот систем”. Воедно, активно учествуваше во сите работни активности во врска со подготовката и реализацијата на „Планот на активности на Владата на Република Македонија“, подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (во согласност со „Извештајот на Рајнхард Прибе“).

Воедно, директорот работеше на реализација на ИПА 2010 проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“, со клучните луѓе од ИПА 2010 проектот, во правец на зајакнување на независноста, одговорноста, на професионалноста и ефикасноста на судството, преку реализација на поткомпонентите 1, 2, 4 и 5, кои се однесуваат на Академијата, во чии рамки беа реализирани две обуки на тема: „Етика и интегритет на судиите за справување со притисоци“, две базични обуки и две напредни, на обучувачи, за предавачите во почетна и континуирана обука, беше отпочната фазата за развој на новата методологија за оценка, а исто така, активно учествуваше во изработката на новите наставни програми и работни материјали.

Во рамките на редовните работни активности, во ГРЕКО Комитетот при Советот на Европа, во својство на претставник на Република Македонија, директорот на Академијата, присуствуваше на 71-та,72-та,73-та и на 74-та пленарна седница и, во таа насока, во соработка со сите релевантни институции, особено со Министерството за правда, правосудството и ДКСК, ги реализираше активностите во правец на имплементација на обврските, зададени на РМ, во Четвртиот круг на оценка на ГРЕКО. Со цел поголема

промоција на работата на ГРЕКО-Комитетот, а во насока на спроведување ефикасна борба против корупцијата во земјата, директорот одржа низа предавања, на конференциите одржани од Академијата, но и на покана на ДКСК, Собранието на РМ, каде што ги презентираше сите акутелности поврзани со оваа тема, а воедно, дел од позначајните документи, кои произлегоа од состаноците на ГРЕКО, беа преведени на македонски јазик и објавени на веб-страницата на Академијата.

Исто така, во рамките на своите активности како шеф на делегацијата во ГРЕКО-комитетот при Советот на Европа, директорката беше член на евалвацискиот тим за оценка на Република Австрија во однос на Четвртиот круг на оценка и репортер за извештајот за Четвртиот круг на оценка во однос на Република Албанија. Воедно, во рамките на ЦЦЈЕ, беше избрана за родов репортер (џендер-репортер) за 2017-тата година.

## IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

**ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Во Академијата за судии и јавни обвинители функционираат следните организациски единици:

1. Сектор за обуки:
   1.1 Одделение за почетна обука и практикување на судиската или на јавнообвинителската функција;
   1.2 Одделение за континуирана обука, меѓународна соработка, странска помош и управување со средствата од ИПА.

2. Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси:
   2.1. Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси;
   2.2 Одделение за информатички технологии, библиотека, статистики, истражувања и стратешко планирање.

3. Одделение за финансиски прашања

Стручната служба на Академијата професионално ги извршуваше сите активности и задачи, придонесувајќи кон остварувањето на предвидените цели од сите сегменти на нејзиното работење и во институционално зацврстување во рамките на целокупниот правосуден систем. Стручната служба навремено и квалитетно ги извршуваше сите работни задачи, давајќи поддршка во остварувањето на надлежностите на органите и телата на Академијата, на предавачите и менторите како носители на образовниот (едукативниот) процес и изготвување на испитите и на ефикасната деловна кореспонденција со други

органи и институции. Навремено беа извршени сите обврски и приоритети произлезени од прописите за работни односи, за административни службеници, јавни набавки и за подготовка и реализација на буџетот.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ

Во насока на професионално надградување и стручно и ефикасно работење, во текот на 2016-тата година, вработените присуствуваа на поголем број обуки, наменети за административните службеници, организирани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и од други организатори и тоа, на следните теми:

- ,,Антикорупциски мерки и етика во државната служба’’;
- ,,Вовед во е-влада’’;
- ,,Обука за интерни проверувачи и измени во новата верзија на стандардот ИСО 9001:2015’’;
- ,,Институции и право на ЕУ’’;
- „Меѓусекторски тимови за работа со деца – жртви и сведоци на насилство’’;
- ,,Задолжително користење на електронските јавни набавки – Користење и практична примена на ЕСЈН-спроведувањето на постапката по електронски пат и последни измени во областа на е-набавките’’;
- Обука на обучувачи–Развој на наставна програма, во рамките на Проектот „Јакнење на институциите за кривично право и владеење на правото во Централна и Источна Европа“ – организирана од Американската амбасада и Министерството за правда на Р. Хрватска, одржана во Дубровник, во Хрватска – на која присуствуваа двајца административни службеници од Академијата.

Во насока на континуирано стручно усовршување на вработените во Академијата, беше донесена „Годишна програма за обуки на административните службеници“, со цел за понатамошен развој, надградување и унапредување на знаењата на вработените, при што за секој вработен од Академијата се предвидени минимум по пет обуки на кои тој ќе присуствува во текот на идната година, а согласно со „Генеричкиот план за обуки за 2017 година“, изготвен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

## УЧЕСТВО НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАЗНИ РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ

Вработените во стручната служба, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, зедоа активно учество, во својство на членови на работна група, за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права (координатор – Министерство за правда) и на работна група за поглавјето 3.7. од НПАА – Право на интелектуална сопственост (координатор – Државен завод за индустриска сопственост).

Во рамките на проектот за изработка на „Стратегија со акциски план за реформа на правосудството“, со поддршка на Европската комисија, од страна на министерот за правда при Владата на РМ, беа формирани 7 тематски работни групи, при што, во 4 од нив, се вклучени претставници од Академијата и тоа, директорот е член на работните групи за судство и казнено-правен систем, раководителот на административниот сектор е член на работната група за секторска политика и имплементација на правото на ЕУ, додека 1 претставник на стручната служба (информатичар) и 1 предавач на Академијата за областа ИТ-технологии, се членови на работната група ИТ и е-правда.

Исто така, од страна на министерот за правда беше формирана и работната група за подготвување на измените и дополнувањата на пакетот закони за судството, во која како членови беа вклучени директорот и раководителот на административниот сектор.

Директорот на Академијата е член на работната група за следење на имплементацијата на Проектот ИПА 2012 Компонента 1 „Превенција и спречување на корупција вклучително и подобрување на меѓуинституционалната соработка”, која се формира во 2016-тата година, како и на работната група за подготовка на измените на Законот за спречување корупција.

## V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2016-тата година, во делот на човечките ресурси, врз основа на Законот за трансформација во редовен работен однос, беше извршена трансформација на еден волонтерски однос во редовен работен однос на неопределено време, на работно место: соработник во Одделението за континуирана обука за меѓународна соработка, странска помош и управување со средствата од ИПА.

Во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, во текот на 2016-тата година, покрај директорот, вработени се вкупно 19 лица, од кои:

- 17 административни службеници и
- 2 работници.

Воедно, во текот на 2016-тата година, сите 13 слушатели на почетната обука од 5-тата генерација почетна обука (генерација 2013/2015 година) се избрани за судии, односно за јавни обвинители, врз основа на што работниот однос со Академијата им престана. Во тек е постапката за прием на нова генерација слушатели на почетна обука, која се очекува да започне во 2017 година, така што со нив ќе биде заснован работен однос на определено време и тој ќе биде во времетраење на почетната обука.

## VI ПОЧЕТНА ОБУКА

## ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА СЛУШАТЕЛИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА 2013/2015 ГОДИНА

Во текот на 2016-тата година, беше завршена постапката за спроведување на завршниот испит. По објавувањето на прелиминарната ранг-листа од полагањето на завршниот испит, на 25 декември 2015 година, и по завршувањето на постапката, по преговорите и жалбите на слушателите, Комисијата за завршен испит, на 10 февруари 2016 година, ја објави конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители.

По објавувањето и доставувањето на оваа листа до Судскиот совет на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ, започна практикувањето на судиската, односно на јавнообвинителската функција, за слушателите на почетната обука – кандидати за судии и јавни обвинители. Практикувањето се одвиваше во согласност со „Програмата за практикување на судиската/јавнообвинителската функција“ и „Правилникот за практикување на судиската/јавнообвинителската функција“, усвоени од Управниот одбор на Академијата. Практикувањето на кандидатите траеше до нивниот избор за судија или за јавен обвинител.

На 18 март 2016 година, по огласот на Советот на јавните обвинители на РМ, објавен на 18 февруари 2016 година, 7 кандидати за јавни обвинители од V генерација беа избрани за јавни обвинители и тоа: 5 во Основното јавно обвинителство – Скопје, 1 во Основното јавно обвинителство – Гостивар и 1 во Основното јавно обвинителство – Битола, додека во април 2016 г., преостанатиот 1 кандидат за јавен обвинител беше избран во Основното јавно обвинителство – Скопје. Изборот на кандидатите за судии беше извршен во септември и октомври 2016-тата година, при што 3 кандидати беа избрани во Основниот суд Скопје 2, 1 кандидат во Основниот суд Скопје 1 и 1 кандидат во Основниот суд Велес, како и 2 кандидати од претходните генерации, така што од вкупно 93 кандидати, кои ја завршиле почетната обука во Академијата, сите се избрани и тоа, 45 се распоредени на функцијата судија, а 48 кандидати се избрани за јавни обвинители.

## ПРИЕМЕН ИСПИТ ЗА ШЕСТАТА ГЕНЕРАЦИЈА СЛУШАТЕЛИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА

Врз основа на одлуките на ССРМ и СЈОРМ, Управниот одбор на Академијата, на 9 ноември 2015 година, објави јавен оглас за прием на 30 слушатели на VI генерација на почетна обука, со рок за пријавување од 15 дена, односно заклучно со 24 ноември 2015 година. Од вкупно 84 пријавени, 64 апликанти ги исполнија формалните услови и го полагаа квалификацискиот тест, кој успешно го положија 62. Писмениот дел од испитот се состоеше во решавање две студии на случај, а потоа кандидатите го полагаа усниот дел од испитот. По завршувањето на усниот дел од испитот, Комисијата за приемен испит утврди листа на оценки на кандидатите од одржаниот писмен и устен дел од приемниот испит и ја објави на 5 април 2016 година. Кандидатите поднесоа 44 приговори против објавените оценки, а против решенијата на Комисијата за приемен испит, со кои беа одбиени приговорите, кандидатите поднесоа 29 жалби, до Управниот одбор на Академијата. 9 кандидати поведоа управни спорови пред Управниот суд, против одлуките на Управниот одбор на Академијата, а за 3 кандидати постапката по управните спорови сè уште не е завршена.

Во согласност со измените на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“, број 231, од 31 декември 2015 година) беше објавен јавен оглас за прием на 60 слушатели на почетна обука – кандидати за јавни обвинители („Службен весник на РМ“, број 163, од 30 август 2016 година). На огласот се пријавија вкупно 121 кандидат.

## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше во согласност со „Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2015-2016 година“ и со „Планот за обуки за 2016 година“.

Како и во изминатите години, и оваа година беа организирани настани за најважните области од правото, како што се измените на домашната легислатива, на меѓународната легислатива и легислативата на Европската Унија и судската практика, но и за општи теми, потребни за извршување на судската и јавнообвинителската функција. Обработувани беа теми од Законот за кривична постапка, Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, Кривичниот законик, Законот за пробација, Законот за парнична постапка, примената на „Европската конвенција за човекови права“, од областа на интелектуалната сопственост, а се одржаа и обуки за писмена изработка и правна аргуемнтација на пресудите.

При организацијата на настаните, продолжи практиката на вклучување учесници и предавачи од разни институции, кои се засегнати со темата која се обработува, со што се остварува размена на искуства и дискусија за воочените проблеми и недоследности во примената на законите, помеѓу правните практичари, со цел нивно надминување и воедначено постапување. Одреден број обуки, во зависност од потребата на целната група за коишто се организираат, се одржуваат децентрализирано, по сите апелациски подрачја.

### <u>БРОЈ ОБУКИ ВО 2016 ГОДИНА</u>

Во периодот од 1 јануари 2016 година, до 31 декември 2016 година, во организација на Академијата се реализирани вкупно 209 обуки, со учество на 4921 учесници, од кои 2086 беа судии, 738 јавни обвинители, 1252 стручен соработник од судовите и обвинителствата и 845 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, од невладиниот сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.




## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ

**Во 2016 година има вкупно 4921 учесници, од кои**




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 209 обуки во извештајниот период, 101 обуки се одржани во самостојна организација на Академијата, додека 108 обуки Академијата ги организираше во соработка и со делумно или со целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.

**Организација на обуките во 2016 година**
**Вкупно 209 обуки**




## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните обуки во извештајниот период, 44 се одржани од областа на граѓанското право, 83 од областа на кривичното право, 12 од областа на управното право, 8 од областа на трговското право и 62 обуки беа посветени на општи теми. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:




Во текот на 2016 година беа ангажирани вкупно 188 предавачи, од кои 126 домашни експерти и 62 странски експерти.




Од домашните експерти, кои во текот на 2016 година зеле учество во својство на предавачи на обуките, 32 се судии, 19 се јавни обвинители и 75 се други експерти, во согласност со областите што беа опфатени со обуките.



Во 2016-тата година, беа ангажирани експерти од највисоко ниво – судии и јавни обвинители од други држави од највисоките инстанции, судии на врховните судови, на уставните судови, од државните јавни обвинителства, професори, судии на Европскиот суд за човекови права и други врвни експерти.

Покрај предавачите на Академијата, кои се наоѓаат на листата со постојани предавања, Академијата ангажира и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и од други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки, во согласност со НПАА, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профилот потребен за конкретната обука.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 172 беа одржани во Скопје, 11 во Битола, 5 во Штип, 8 обуки во Гостивар, додека другите 13 обуки се одржаа во други градови и места низ Република Македонија.




## КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ

### ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Во периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година, во организација на Академијата, реализирани се вкупно 5 обуки кои се однесуваат на Законот за парнична постапка, со учество на вкупно 145 судии од граѓанските оддели на судовите од сите апелациски подрачја и тоа:

- „Новините во ЗПП со посебен осврт на доказната постапка“, одржани се 4 обуки, со учество на вкупно 106 судии, од кои 23 од апелациско подрачје Скопје, 36 од апелациско подрачје Битола, 20 судии од апелациско подрачје Гостивар, 27 од апелациско подрачје Штип.

- „Трошоци на постапката според ЗПП“, одржана е 1 обука со учество на вкупно 39 судии од кои 1 судија од Основен суд Свети Николе, 1 судија од Основен суд Охрид, 2 судии од Основен суд Куманово, 32 судии од Основен суд Скопје 2 и 3 адвокати.

Во периодот од 12 февруари 2016 година до 20 мај 2016 година, Академијата самостојно организираше и одржа вкупно 7 советувања на тема „Писмена изработка на пресуда со посебен акцент на правната аргументација“. Советувањата беа наменети за судиите и судските соработници од кривичните и граѓанските оддели од сите апелациски подрачја одделно. Се одржаа вкупно 3 советувања наменети за судиите и судските соработници од граѓанските оддели, а 4 советувања беа наменети за судиите и судските соработници од кривичните оддели.

На советувањата на кои целна група беа граѓанските судии и судски соработници, присуствуваа вкупно 78 судии и судски соработници, додека на советувањата на кои присуствуваа судии и судски соработници од кривичните оддели, присуствуваа вкупно 63 судии и судски соработници. Вкупно, обуките за писмена изработка на пресуда, со посебен акцент на правната аргументација, во овој период, ја посетиле 141 учесници.

## ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Академијата, во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, врз основа на повратните информации добиени од одржаните обуки за реформите на кривичното право, во текот на 2016 година, спроведе 3 тематски обуки кои се однесуваа на темите: „Истражни дејства/Ефективна истрага’’, ,,Товарот на докажување/Докази и приговори’’ и ,,Улогата на судијата/Судска етика и непристрасност’’. Обуките се одржаа во период 13-14 октомври, 26-27 октомври и 21-22 ноември, во 2016 година, во хотел ТЦЦ „Гранд Плаза“, во Скопје, и на нив учествуваа судии од кривичните оддели, јавни обвинители и стручни соработници од судовите и јавните обвинителства од сите апелациски подрачја. На обуките присуствуваа вкупно 86 учесници од кои 36 јавни обвинители, 36 судии и 14 судски и јавнообвинителски службеници.

Со оглед на тоа дека овие обуки беа спроведени од видни домашни меѓународни експерти кои беа добро запознаени со нашиот Закон за кривична постапка, беа овозможени размена на искуства, богати дискусии и решавање на постојните дилеми при примената на законските одредби од Законот за кривична постапка.

Во соработка со ИПА Проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“, Академијата организираше 1 тркалезна маса на тема: ,, Докажување согласно со новиот Закон за кривична постапка – хрватски искуства’’, со учество на претставници од Советот на јавните обвинители, од Судскиот Совет и Министерството за правда на Република Македонија, судии од кривичните оддели и јавни обвинители од сите апелациски оддели и адвокати со предавања на врвни експерти од Р. Хрватска. Во периодот од 22 јануари до 18

март 2016 година, во самостојна организација, беа реализирани 4 еднодневни обуки по апелациски подрачја: Битола, Гостивар, Скопје и Штип, на тема: „Практична примена на Законот за кривична постапка: Истражни дејства, со фокус на увидот“, 1 обука на тема ,,Воведни и завршни зборови/Директно и вкрстено испитување’’, 1 обука на тема: ,,Практична примена на ЗКП: улогата на судијата во фазата на испитување на обвинението/подготовката и водењето на главна расправа’’.

Во периодот од 7 март до 15 април 2016 година, во самостојна организација, се реализираа и 3 еднодневни обуки, на тема: „Практична примена на ЗКП: испитување осомничен, сведок, вештак“. Обуките се одржаа во апелациските подрачја: Скопје, Гостивар и Штип. На обуките присуствуваа вкупно 65 учесници, од кои 43 јавни обвинители, 14 судии и 8 судски и јавнообвинителски соработници.

Во периодот од 4 февруари 2016 година до 14 март 2016 година, се одржаа вкупно 3 обуки, поврзани со мерката притвор и со другите мерки за обезбедување присуство.

Академијата одржа 2 обуки, на тема: „Мерката притвор и судската практика на Европскиот суд за човекови права/Образложение на решение за определување притвор и другите мерки“, наменети за судиите и судските соработници од кривичните оддели, на кои присуствуваа вкупно 22 судии и 13 судски соработници (вкупно 35 учесници); и една обука, на тема: „Мерката притвор и судската практика на Европскиот суд за човекови права/Образложение на предлог за определување притвор и на жалбата на решението за притвор или другите мерки“, каде што присуствуваа 8 јавни обвинители и 11 јавнообвинителски соработници (вкупно 19 учесници).

## ЗАКОН ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНАТА

Со почетокот на примената на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, се јави и потребата за дискусија, за размена на искуства, како и потребата да се воочи напредокот при примената на Законот, а со цел за надминување на проблемите и на нејаснотиите кои се јавуваат во практичната примена. За таа цел, Академијата организираше одделни обуки за судиите од кривичните оддели од судовите од сите апелациски подрачја и за јавните обвинители од сите апелациски подрачја, како и една обука за јавнообвинителските соработници.

Во периодот од 1 февруари до 7 октомври 2016 година, Академијата одржа вкупно пет советувања, поврзани со примената на овој закон, од кои една обука беше наменета за јавните обвинители од сите апелациски подрачја, три за судиите од кривичните оддели од сите апелациски подрачја и една обука беше наменета за јавнообвинителските службеници.

Имајќи предвид дека примената на Законот започна од 7 јули минатата година, на обуките се разменуваа искуства помеѓу предавачите и учесниците, а најголемиот дел од учесниците беа едногласни во тоа дека јасна е потребата од одржување на вакви обуки, со

цел за поедноставување на употребата на Законот како и унапредување на квалитетот на донесените судски пресуди. На обуките присуствуваа вкупно 46 јавни обвинители и јавнообвинителски соработници, вкупно 71 судии и судски соработници од кривичните оддели и 4 претставници од Министерството за правда.

**СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА ЗА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД И ЗА УПРАВНИОТ СУД**

Судиите и стручната служба на Вишиот управен суд и на Управниот суд присуствуваат на обуки приспособени кон нивните потреби, со можност за учество и на други обуки на кои се разработуваат теми од интерес за управното судство како и на општи теми. Во текот на 2016 година, самостојно или во соработка со домашни и странски партнери, беа организирани вкупно 10 настани за управното судство, на следните теми: „Примена на Законот за катастар на недвижности, со посебен осврт на брисовните тужби", „Изборен законик", „Правила за распоредување на царинската стока согласно со Законот за царинска тарифа", „Управно-судска заштита на правата од интелектуална сопственост", а од областа на азилот, на тема: „Информации за земјата на потекло" и „Правото и практиката во заштита на бегалците" (концепти на безбедни земји).

**ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

Во текот на 2016 година, Академијата, согласно со обврските од „Националната програма за усвојување на правото на ЕУ" (НПАА), продолжи со континуирана едукација на судиите и на јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост, со цел, преку натамошно јакнење на свеста за значењето на правата на интелектуална сопственост и доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Во тој контекст, беа организирани 2 обуки кои беа посветени на граѓанско-правната и прекршочно-правната заштита на правата на интелектуална сопственост, на кои учествуваа вкупно 39 учесници, од кои 22 судии, 10 судски советници/соработници и 7 други учесници (2 адвокати, 3 претставници на Државниот пазарен инспекторат и 2 претставници на Државниот завод за индустриска сопственост).

Освен тоа, во рамките на ЕУ-твининг проектот: „Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост", се реализираа вкупно 5 обуки посветени на различни правни аспекти на спроведувањето на правата на интелектуална сопственост, со учество на вкупно 142 учесници – судии, јавни обвинители и претставници на сите релевантни институции, вклучени во системот на спроведување на правата од интелектуалната способност.

**ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

Академијата, во 2016 година, во согласност со препораките на ГРЕКО, за унапредување на превентивните механизми за корупција, во делот на обуките, организираше вкупно 11 обуки во соработка со ДКСК, од кои 8 обуки, за судиите и јавните обвинители, 1 обука за судиите-поротници, на теми поврзани со етиката, етичкото

однесување, спречување судир на интереси и антикорупциски мерки, како и 2 обуки за судските и јавнообвинителските службеници и тоа:

- 2 обуки за судии, јавни обвинители, адвокати и други релевантни институции, на тема: „Презентација на Кодекс за судска етика на судиите во Република Македонија“, на која учествувале вкупно 53 учесници, од кои 43 судии, 9 јавни обвинители и 1 нотар.

- 1 обука за судиите од кривичните оддели од сите апелациски подрачја, во соработка со ОБСЕ, на тема: „Улогата на судијата / Судска етика и непристрасност“, на која учествувале вкупно 26 учесници, од кои 19 судии, 4 јавни обвинители и 3 судски службеници.

- 1 обука за судии од кривичните оддели и јавни обвинители од сите апелациски подрачја, во соработка со Амбасадата на САД и Американската стопанска комора, на тема: „Законот на САД против корупцијата во странство“, на која учествувале вкупно 21 учесници, од кои 3 судии, 5 јавни обвинители, 4 судски и јавнообвинителски службеници, 2 претставници од МВР, 3 претставници од Управата за финансиска полиција, 3 од Управата за финансиско разузнавање и 1 претставник од Американската амбасада на САД.

- 1 обука за судии од кривичните оддели, адвокати и членови на ДКСК, во соработка со ИПА-проектот, на тема: „Кривично-правни аспекти на корупцијата / Споредбена практика на Хрватска и Европскиот суд за човекови права“, на која учествувале вкупно 37 учесници, од кои 22 судии, 5 јавни обвинители, 2 судски службеници, 2 адвокати, 3 претставници од ДКСК и 3 претставници од Министерство за правда.

- 2 обуки за новоизбраните јавни обвинители, во соработка со ВИНПРО III проектот, на тема: „Зајакнување на заштитата на сведоците во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата“, со учество на вкупно 32 учесници, од кои 16 се јавни обвинители и 16 – судски и јавнообвинителски службеници.

- 1 обука за судии од кривичните оддели, јавни обвинители од сите апелациски подрачја и други релевантни институции, на тема: „Кривично-правни аспекти на корупцијата/Споредбена практика на ЕСЧП“, на која учествувале вкупно 33 учесници, од кои 10 судии, 9 јавни обвинители, 10 судски и јавнообвинителски службеници, 2 адвокати и 2 претставници од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

- 1 обука за судиите-поротници, на тема: „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“, на која учествувале вкупно 9 судии-поротници, од кои 5 судии-поротници беа од Основен суд Скопје 1, 3 судии-поротници од Основен суд Струга и 1 судија-поротник од Основен суд Дебар;

- 2 обуки за судски и јавнообвинителски службеници, на тема: „Превенција на корупцијата и судирот на интереси, добро владеење, интегритет и етика“, на која учествувале вкупно 58 учесници од сите апелациски подрачја, од кои 29 се судски службеници, а 29 – јавнообвинителски службеници.

ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во соработка и со финансиска поддршка на Правната канцеларија на ИНЛ-програмата при Амбасадата на САД во РМ, беа одржани две дводневни обуки за „Европската конвенција за заштита на човекови права“, врз основа на претходноизработен заеднички курикулум за ЕКЧП, за едукација на претставници од МВР, јавни обвинители, судии и адвокати за државите од Југозападен Балкан, во организација на Амбасадата на САД во Загреб, за членовите 2-7 од ЕКЧП. На обуките за обучувачи во Хрватска, во текот на 2014-2015 година, учествуваше и тим обучувачи од РМ, составен од двајца јавни обвинители, 1 судија и 1 адвокат. Дизајнирањето на курикулумот за ЕКЧП започна во март 2015 година, преку одржување на голем број работилници за најдобрите учесници, во рамките на обуката на Националниот институт за застапување (The National Advocacy Center (NAC)), наменета за развој на курсеви за креирање на курикулумот.

Академијата, во рамките на Твининг-проектот на Латвија: „Зајакнување на владеење на правото“, а во соработка со Министерството за правда, организираше вкупно 5 обуки кои се однесуваат на ЕКЧП, во вид на 2 одделни, еднодневни обуки, на секоја од темите предвидени во твининг-проектот. Три од овие обуки беа посветени на одделни членови од „Европската конвенција за човекови права“. Така:

- На 26 и 27 октомври се одржаа две еднодневни обуки за судската практика на ЕСЧП, во врска со член 5 од ЕКЧП, со вкупно 11 судии, 4 јавни обвинители, 13 судски и јавнообвинителски соработници, 2 адвокати и 1 претставник од Министерството за правда (вкупно 31 учесник).
- На 28 и 20 ноември се одржаа две еднодневни обуки во врска со членот 10 од ЕКЧП и судската практика на ЕСЧП, на кои присуствуваа вкупно 30 судии, 4 јавни обвинители, 15 судски и јавнообвинителски соработници, 8 адвокати и 1 претставник од Министерството за правда (вкупно 58 учесници).
- На 13 и 14 декември се одржаа две еднодневни обуки за судската практика на ЕСЧП, во врска со член 1 од Протоколот 1 – „Право на сопственост“, наменета за адвокати и за судии и судски соработници од граѓанските оддели, со 11 судии, 4 судски соработници, 11 адвокати и 1 претставник од Министерството за правда (вкупно 27 учесници).

Академијата, постапувајќи по препораките на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, одржа две советувања, на тема: „Член 3 од ЕКЧП/Недостиг од ефикасна истрага“, наменети за јавните обвинители и јавнообвинителските соработници од сите апелациски подрачја, со 26 јавни обвинители и 4 јавнообвинителски службеници (вкупно 30 учесници).

Во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ), и Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, на 2 и 3 март, одржа советување, на тема: „Почитување на правото на сопственост од член 1 од Протокол 1 на ЕКЧП“, на кое присуствуваа 20 судии, 2 судски соработници и 22 адвокати (вкупно 44 учесници).

## ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ПРАВО НА ЕУ

Обуки посветени на Правото на ЕУ се одржаа на следните теми:

1. „Примена на Правото на ЕУ во Република Македонија во претпристапниот период“; одржани 2 обуки, со учество на вкупно 43 учесници, од кои 7 судии од Виш управен суд, 9 судии од Основен суд Скопје 2, 1 судија од Основен суд Тетово, 8 судии од Апелационен суд Битола, 3 судии од Основен суд Битола, 3 службеници од Основен суд Битола, 4 судии од Основен суд Охрид, 3 судии од Основен суд Прилеп, 4 судии од Основен суд Струга и 1 судија од Основен суд Ресен и
2. „Заштита на потрошувачите“, одржана 1 обука, со учество на вкупно 14 учесници, од кои 3 судии од Виш управен суд, 2 судии од Управен суд, 1 судија од Основен суд Скопје 1, 1 судија од Основен суд Гевгелија, 2 судски службеници од Основен суд Скопје 1 и 5 адвокати.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

Во текот на 2016 година, самостојно или во соработка со Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на РМ, беа организирани неколку специјализирани обуки за претседателите на судовите и една обука за јавните обвинители на јавните обвинителства. Поконкретно, за претседателите беа одржани следните обуки:

- „Улогата на Судскиот совет и највисоките судови во заштита на судиите од мешање во нивната независност и можните влијанија врз судството и клучната улога на мерит-системот во изборот на судии“;
- „Домашните искуства и меѓународни стандарди за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите“;
- „Улогата на претседателот во организацијата на работата на судот“, каде што присуствуваа вкупно 17 претседатели на судови и, дополнително, двајца претседатели на судови, во својство на предавачи;
- Тркалезна маса: „Стратегија за комуникација на судовите со јавноста“, организирана во соработка со ИПА-проект и ССРМ;
- „Управување со судовите“, организирана во соработка со Француската амбасада.

Јавните обвинители на јавните обвинителства имаа обука на тема:

- „Улогата на јавниот обвинител во организацијата на работата на обвинителството“.

## ОБУКИ ЗА ОБУЧУВАЧИ

Предавачите на Академијата, во текот на 2016 година, имаа можност да присуствуваат на неколку обуки, наменети за нив, како: „Обука на обучувачи за ЕКЧП“, организирана во соработка со Британската амбасада и Судскиот колеџ од Лондон; „Обука на обучувачи за практичен водич за новиот етички кодекс“, организирана во соработка со ИПА-проектот 2010: „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки“, „Утврдување

на методологија на изготвување прашања и студии на случај“, наменета за предавачи на почетна обука и „Обука на обучувачи“, организирана во соработка со Француската амбасада.

Имено, Академијата, во соработка со Британската амбасада во РМ и Судскиот колеџ од Лондон, на 11 и 12 мај 2016 година, организираше специјализирана обука на обучувачи за „Европската конвенција за човекови права“, на која, целна група на учесници беа учесници од листата на предавачи на Академијата, а присуствуваа 11 судии и 2 јавни обвинители.

На 23 и 24 ноември 2016 година, Академијата во соработка со Француската амбасада организираа дводневна обука на обучувачи, при што целна група учесници беа учесници од листата на предавачи на Академијата, а присуствуваа 7 судии, 3 јавни обвинители, 2 службеници, 2 претставници од Министерството за внатрешни работи и 1 претставник од Царинската управа на Република Македонија.

**НОВОИЗБРАНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

Во текот на 2016 година, новоизбраните јавни обвинители присуствуваа на обуки, на тема: „Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата“ и „Соработка во кривичната правда: Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата“, организирани од страна на WINPRO.

**СУДИИ-ПОРОТНИЦИ**

Исполнувајќи ја и законската обврска, во согласност со член 42 од Законот за судови, како и во согласност со Препораките на ГРЕКО во 4-от круг на оценка, судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирани обуки, организирани од страна на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, на 1 декември 2016 година, организираше 1 обука, наменета за судиите-поротници, со учество на вкупно 9 учесници, на следната тема:

1. „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“, одржана е 1 обука, со учество на вкупно 9 судии-поротници, од кои 5 судии-поротници беа од Основен суд Скопје 1, 3 судии-поротници од Основен суд Струга и 1 судија-поротник од Основен суд Дебар.

**ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Во текот на 2016 година, Академијата продолжи со стручно усовршување на судските и јавнообвинителските службеници, кои имаат свој значаен придонес во успешното работење на судовите и јавните обвинителства.

Обуките за судските и јавнообвинителските службеници опфаќаа разни целни групи и тоа: стручната служба во судовите и обвинителствата, раководните службеници и стручно-административни работници како и судската полиција.

Во согласност со Програмата и Планот за обуки за судските и јавнообвинителските службеници, во 2016 година, спроведени се вкупно 18 обуки, на следните теми:

- „Изработка на завршна сметка во АБМС“;
- „Управување со човечки ресурси“;
- „Примена на Судскиот деловник“;
- „Постапка за спроведување попис“;
- „Буџет и буџетски процес“;
- „Примена на Законот за заштита на лични податоци“;
- „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“;
- „Јавни набавки (Спроведување на постапките за јавни набавки преку електронски систем)“;
- „Раководење и управување по Законот за судска служба“;
- „Примена на Законот за судска служба, со посебен осврт на оценувањето на судските службеници и дисциплинската постапка“;
- „Практична примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната“;
- „Превенција на корупцијата и судирот на интереси, добро владеење, интегритет и етика“;
- „Судски деловник (други прописи по кои работи судската полиција, вонредни случаи, кризни ситуации, користење технички уреди и средства на присилба)“.

**<u>ОБУКИ ЗА СУДСКИ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИ СЛУЖБЕНИЦИ</u>**

Во периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година, во организација на Академијата, реализирани се вкупно 18 обуки за судските и јавнообвинителските службеници, со учество на вкупно 465 учесници, од коишто 278 се судски службеници, а 187 јавнообвинителски службеници.




Академијата и во 2017 година ќе продолжи со организирањето на семинари и обуки од важност за администрацијата, сè со цел да се зголеми квалитетот на работењето на судската и на јавнообвинителската служба.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, на 13 април 2016 година, организираше 1 обука, наменета за судската полиција, со учество на вкупно 26 учесници од сите судови во РМ, на следната тема:

1. „Судски деловник (други прописи по кои работи судската полиција, вонредни случаи, кризни ситуации, користење технички уреди и средства на присилба)“, со учество на вкупно 26 учесници, од кои 1 учесник од Управен суд, 4 учесници од Апелациски суд Штип, 1 учесник од Апелациски суд Скопје, 1 учесник од Врховен суд на РМ, 1 учесник од Основен суд Скопје 1, 2 учесници од Основен суд Гостивар, 3 учесници од Основен суд Кратово, 2 учесници од Основен суд Прилеп, 2 учесници од Основен суд Радовиш, 4 учесници од Основен суд Кочани и 4 учесници од Основен суд Берово.

## ЗАКОН ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНАТА ЗА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Со цел да се обезбеди непречено остварување на процесот на реформирање на казнено-правниот систем на РМ, на 29.12.2014 година, се донесе Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник на РМ“, бр.199, од 30.12.2014 година), кој со своја практична примена започна на 7.7.2015 година.

Имајќи го во предвид фактот дека е ова нов закон со кој за првпат се воведуваат објективни критериуми за одредување и одмерување на видот и висината на казната, почитувајќи го притоа и стандардот на докажување „вон секакво разумно сомневање“, несомнено се наметна потребата од спроведување обуки за јавнообвинителските службеници, со цел да се обезбеди негова успешна примена.

За таа цел, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, во 2016 година, во самостојна организација, реализираше 1 обука, наменета за стручните службеници од јавните обвинителства во Р. Македонија, со учество на вкупно 25 учесници, на тема: „Практична примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната“.

# VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ

Соработката со домашни органи, институции, организации и здруженија, како и со странски партнери и проекти, воспоставена на почетокот од функционирањето на Академијата, се проширува и со несмален интензитет се одвиваше и во текот на 2016 година.

## ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Во текот на 2016 година, при организација на настаните во континуираната обука, Академијата оствари соработка со Судскиот совет на РМ, Бирото за застапување на РМ

пред ЕСЧП, Комора на стечајни управници на РМ, Министерство за правда, Царинска управа на РМ, Народен правобранител, Адвокатска комора на РМ, Управата за јавни приходи, Меѓународна организација на трудот, Државната комисија за спречување корупција, Здружение на јавните обвинители на РМ, Здружение на судиите на РМ, Здружение на млади правници, Министерство за економија.

Во соработка со Судскиот совет на РМ беа одржани 3 тркалезни маси наменети за претседателите на судовите, на тема: „Улогата на Судскиот совет и највисоките судови во заштита на судиите од мешање во нивната независност и можните влијанија врз судството и клучната улога на мерит-системот во изборот на судии“, „Домашните искуства и меѓународни стандарди за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите“ и „Стратегија за комуникација на судовите со јавноста“, во чија организација беше вклучен и ИПА-проектот. Во соработка со Јавниот обвинител на РМ и Советот на јавните обвинители на РМ, заеднички се организираат тркалезните маси во врска со темите од надлежноста на јавните обвинители на јавните обвинителства.

Со Комората на стечајни управници на РМ се одржаа 2 советувања на тема: „Разлачно право и постапување со прибелешки во стечајната постапка“ и 2 советувања на тема: „Практични искуства, судска практика и правни проблеми кои се јавуваат во тек на примената на Законот за стечај“.

Соработката со ДКСК и ИПА-проектот резултираше со 2 одржани советувања на тема: „Постапување против правни лица во согласност со најновите законски измени“ и „Воедначена судска практика“.

Во соработка со Министерство за правда, одржано е советување на тема: „Меѓународна соработка во кривична материја/Екстрадиција“, со Царинската управа на РМ, одржано е советување на тема: „Правила за распоредување на царинска стока согласно со Законот за царинска тарифа“, а во соработка со Меѓународната организација на трудот се одржа советување за „Примена на меѓународното трудово право од страна на националните судови“.

Во соработка со Адвокатската комора на РМ, Народниот правобранител, Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, а со финансиска поддршка на ИРЗ, промовирана е публикацијата „Прирачник за европското законодавство за заштита на лични податоци“, а воедно адвокатите се редовни учесници на обуките на Академијата.

Со Здружението на судиите на РМ се одржаа 2 презентации на Кодексот за судиска етика на судиите во Република Македонија. Првата презентација беше наменета за судиите од апелациското подрачје Гостивар. Втората презентација беше проширена со темата „Етика и интегритет на судиите да се справат со притисоци“, а беше наменета за судиите од апелациските подрачја Битола, Скопје и Штип, и во нејзината реализација се вклучи и ИПА-проектот. Со Здружението на јавните обвинители се организираат заеднички настани за судска форензика.

Во текот на 2016 година, започна соработката со Министерството за економија, кое е носител на ИПА-проектот „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на законската рамка за стечај и ликвидација на друштвата“. Во рамките на оваа соработка, се одржаа 2 советувања на тема: „Процена на имотот на должникот во стечајна постапка“.

Академијата ќе биде партнер и во новиот проект на Советот на Европа и ЕУ за борба против економски криминал, во партнерство со Јавното обвинителство на РМ, повеќе министерства, Царинската управа, Управата за финансова полиција, Државниот завод за ревизија и ДКСК.

## СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2016 ГОДИНА

Воспоставената соработка продолжи и со странските партнери и проекти, кои со финансиска и техничка поддршка овозможија организирање многубројни работилници, тркалезни маси, семинари:

- Амбасадата на Р. Франција и Правосудната академија на Р. Франција; Правосудната академија на Република Турција; Британската амбасада и Судскиот колеџ од Лондон
- TAIEX-инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската комисија; Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото; Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ; ЕИПА; ГИЗ Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа – правна реформа, ГИЗ, Твининг-проект на Латвија, Дански твининг-проект;
- Амбасадата на САД во Република Македонија – ИНЛ; УНХЦР; ИПА-проекти; ВИНПРО; ИЦИТАП; UNODC.

### НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ – ОДДЕЛ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Планираните активности во рамките на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2016 година, се реализираа преку настани посветени на антидискриминациското законодавство и концептот на еднаквост, криминалот од омраза, Законот за кривична постапка и ЕКЧП.

Во делот за заштита и спречување дискриминација беа организирани следните настани: „Концептот на недискриминација за правни практичари“ – 4 советувања, одржани за разни апелациски подрачја; „Концептот на директна дискриминација“; „Преминување на товарот на докажување во случаите на дискриминација“; „ Коментар на Законот за спречување и заштита од дискриминација“ и „Концептот на индиректна дискриминација“.

Во делот за соработката, посветен на криминалот од омраза, беа организирани четири обуки за кривичните судии и јавни обвинители, за секое апелациско подрачје, одделно.

Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев’’, во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по завршувањето на напредните

обуки за новиот ЗКП, работеа на создавање платформа за е-учење, со цел да се овозможи зачувување и пренесување на сите видеоснимани материјали од напредните обуки за Законот за кривична постапка. Имено, создавањето на платформата за е-учење има за цел материјалот од досегашните обуки за новиот ЗКП да се направи електронски достапен за сите сегашни и идни практичари. Видеоматеријалот е поставен на веб-страницата на Академијата за судии и јавни обвинители, првично со цел за информирање и самопроверување на знаењата, со потенцијал, во иднина, да се користи не само за кривичните туку и за обуките од сите други области. Академијата формира листа од 30 практичари, заинтересирани за нејзиното пробно тестирање, на која беа вклучени судии, јавни обвинители, службеници, адвокати и претставници од МВР. Со цел, појаснување на користење на платформата, на 12 јули 2016 година, во просториите на Академијата, од страна на претставник на ОБСЕ, таа беше презентирана пред номинираните лица за тестирање на платформата. По прегледот на сите коментари, доставени од страна на корисниците кои ја тестираа платформата, беше утврдено дека таа е функционална, едноставна и корисна алатка за користење, а материјалите кои се прикачени, дека се корисни, едукативни за секој правен практичар, а овој начин и пристап до е-учење се исклучително корисни и олеснителни за сите корисници, што е овозможено преку прикачениот материјал (презентации, вежби, итн.), а преку можноста за самотестирање на платформата, корисниците добиваат јасна слика во оној дел што им е потребен и корисен при вршењето на нивната работа.

Планираните активности во рамките на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2016 година, се реализираа преку организирање на поголем број настани:

- 1 работилница, на тема: ,,Унапредување на соработката и мултидисциплинарен пристап и заштита на правата на жртвите од трговијата со луѓе и шверцувањето на мигранти“;
- 1 работилница на тема: ,,Изборен Законик’’;
- 1 советување, на тема: ,,Најзначајни пресуди на Европскиот суд за човекови права во врска со криминал од омраза и говор на омраза’’;
- 1 советување, на тема: ,,Најзначајни пресуди на Европскиот суд за човекови права’’;
- „Член 11 од ЕКЧП – Слобода на собирање и здружување“;
- „Истражни дејства / Ефективна истрага“;
- „Товарот на докажување / докази и приговори“;
- „Член 9 од ЕКЧП – Слобода на мислење, совест и вера“;
- „Улогата на судијата / судска етика и непристрасност“.

На 16 и 17 ноември 2016 година, во соработка со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) – Одделот за транснационални закани, во Виена, организираше регионална конференција, на тема: „Намалување на користење Интернет за терористички цели“, на којашто, покрај учесници од РМ, присуствуваа и учесници од релевантни институции од регионот и тоа, од Босна и Херцеговина, Албанија, Србија, од Црна Гора и Мисиите на ОБСЕ во регионот, или вкупно 69 учесници.

На оваа конференција се обработија следните теми: „Правната рамка за справување со користење Интернет за терористички цели и поврзаните злосторства“; „Истрага на различни компоненти кои се однесуваат на употребата на Интернет за терористички цели“; „Заштита и прибирање на форензички податоци во истрагите за справување со користење Интернет за терористички цели“; „Јавно-приватни партнерства во истрагите за употребата на Интернет за терористички цели“; „Истраги за онлајн-финансирањето на тероризам“ и „Судска соработка на регионално и меѓународно ниво за справување со користењето на Интернет за терористички цели“, кои беа изложени од врвни експерти од меѓународни организации за спречување тероризам, претставници од јавните обвинителства од регионот и Европа, претставници од институции за студии по безбедност, ИТ-консултанти, припадници на армијата на САД, претставници од институции за спречување перење пари, компании за онлајн-трансфер на пари, припадници на полицијата, а доаѓаат од Хрватска, Обединетото Кралство, Израел, Белгија, Холандија, Португалија, САД, Естонија, Германија, Бугарија, Романија и од регионот.

- **СОВЕТ НА ЕВРОПА И HELP-ПРОГРАМА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

Во 2017 година, предвидено е, во соработка со Советот на Европа, да започне реализација на двегодишен проект, посветен на слободата на изразување и член 10 од ЕКЧП. Во рамките на овој проект, предвидено е да се одржат: 1 обука на обучувачи, 4 советувања и 4 регионални конференции.

Со Советот на Европа ќе започне да се реализира и проект кој ќе се однесува на ЕКЧП, конкретно на член 3, 5 и 6 од Конвенцијата. Проектот е со времетраење од 18 месеци, планирана е реализиација на советувања и 1 обука на обучувачи.

Воедно, заради оспособување на судиите и обвинителите за правно пребарување, беа одржани повеќе обуки за користење на ХЕЛП-програмата, за користење на базите *ХУДОК* и *АИРЕ* со одлуки на ЕСЧП, преведени на јазиците на државите од регионот.

- **ПРОГРАМАТА *ИНЛ* (БИРО ЗА МЕЃУНАРОДНА БОРБА ПРОТИВ НАРКОТИЦИ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ) ПРИ АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Преку амбасадата на САД во РМ, а во соработка со Амбасадата на САД во Хрватска, Македонија зема учество во Регионалниот проект за изработка на регионална програма за одделни членови на ЕКЧП.

Правната канцеларија на ИНЛ при Амбасадата на САД во Скопје, во текот на 2016 година, продолжи со поддршката на настани кои се однесуваат на реформите на кривичното законодавство. Особено е значајна поддршката во делот на обуките, во чии рамки беа одржани следните настани:

- Управување со увидот на местото на настанот и форензичка експертиза, во соработка и со Здружението на јавни обвинители на Република Македонија.

- **СОРАБОТКАТА СО ИЦИТАП**

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со „Програмата ИЦИТАП – Македонија“, при Одделот за правда на САД, организираше 1 тридневна обука за компјутерски криминал и детска порнографија. Целта на оваа обука беше да се обучат истражителите и јавните обвинители за алатките и техниките, кои ги користат ФБИ и невладините организации, за лоцирање и истражување на лица кои тргуваат со детска порнографија. На обуката присуствуваа 8 претставници од РМ, од кои 2 јавни обвинители, 4 истражители за компјутерски криминал и 2 истражители од Секторот за општ и насилен криминал при МВР, 4 претставници од Албанија и 1 од Бугарија.

Академијата, во соработка со „Програмата ИЦИТАП-Македонија“, при Одделот за правда на САД и Стејт департментот на САД/Бирото за борба против тероризам, ја организираа третата од серијата регионални конференции за борба против тероризам и учество во странски војски. Конференцијата беше наменета за јавни обвинители кои работат на заемна правна помош и барања за екстрадиција како и за полициски службеници и инспектори за компјутерски криминал.

**<u>ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ</u>**

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, ги реализираа следните активности:

- Во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) и Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, на 2 и 3 март, се одржа советување на тема: „Почитување на правото на сопственост од член 1 од Протокол 1 на ЕКЧП“. Советувањето беше наменето за судиите и судските соработници од граѓанските оддели од сите апелациски подрачја, за адвокати како и за учесници од невладиниот сектор. На советувањето присуствуваа 20 судии, 2 судски соработници и 22 адвокати (вкупно 44 учесници).
- Исто така, на 9 март 2016 година, беше организирано и советување на тема: „Изборен законик“. Ова советување беше наменето за судии и судски соработници од Управниот суд и од Вишиот управен суд, како и за претставници од Државната изборна комисија. На советувањето присуствуваа 29 судии и 16 судски соработници (вкупно 45 учесници).
- Во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) и германското здружение на судии, во периодот од 8 до 22 ноември 2016 година, во Сојузна Република Германија се одржа тренинг-програма за претставници од граѓански и трговски оддели на правосудството, наменета за судии од основните и од апелациските судови од поголем број држави од Југоисточна Европа, Азија и Северна Африка. Република Македонија ја претставуваше судија од Основен суд Скопје 2 Скопје.

- **<u>ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА СВЕДОЦИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ, ТЕРОРИЗМОТ И КОРУПЦИЈАТА (WINPRO III)</u>**

Во текот на 2016 година, Академијата, во рамките на соработката со ЕУ ИПА 2015 проектот ,,Соработка во кривичната правда: зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата“ (WINPRO III), оранизираше 2 дводневни **„Обуки за процена на клиент“,** на кои учествуваа иста група 8 новоизбрани јавни обвинители и 8 јавнообвинителски службеници од сите апелациски подрачја.

- **<u>UNODC – Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал</u>**

Примарната цел на UNODC во однос на фокусирањето на шверцувањето на мигранти (ШМ) е: да се промовира глобалното почитување на Протоколот за шверцувањето на мигранти, кој до денес брои 142 држави-членки, и да им се помогне на државите во нивните заложби за ефективна имплементација. Протоколот за шверцувањето на мигранти има за цел: (1) Да го спречи и да се бори против шверцувањето на мигранти; (2) Заштита на правата на шверцуваните мигранти и (3) Да се промовира соработка помеѓу државите-членки, за таа цел.

Како одговор на барањето за градење на капацитетите на судиите и јавните обвинители, Академијата, во соработка со UNODC, а со финансиска поддршка на Бирото за меѓународни прашања за наркотици и спроведување на законот (INL), во текот на 2016 година, организираа 1 советување на тема: „Ефективна борба против шверцување мигранти за судии и јавни обвинители“, што обезбеди можност да се дискутираат најдобрите практики за подобрување на успешното гонење и на пресудите, во случаите на шверцување мигранти, и да се одговори на шверцувањето на мигранти во Република Македонија, со истовремена заштита на шверцуваните мигранти.

Исто така, во 2016-тата година, беше одржана и Регионална работилница за развој на обуки, во Виена, на која учествуваше 1 јавен обвинител од Република Македонија.

- **<u>iPROCEEDS – Регионален проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку Интернет</u>**

Секторот за криминал преку Интернет при Советот на Европа, започна со реализација на заедничкиот регионален проект, во соработка со Европската Унија, за изградба на капацитети за борба против криминал преку Интернет – iPROCEEDS (cybercrime). Проектот започна на 1 јануари 2016 година, финансиран е преку повеќекорисничката ИПА II програма за 2014 г. и во него се вклучени: Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Турција и Косово. Проектот е во траење од 42 месеци. Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите на надлежните институции, во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист, стекната по пат на компјутерски криминал како и превенција од перењето на пари на Интернет.

Од РМ беа именувани членови кои се сега дел од групата која ќе работи на процесот на имплементација на национално ниво, составена од претставници од Академијата за судии и јавни обвинители, Министерството за внатрешни работи, Министерството за

правда, Министерството за финансии, од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и од Управата за финансиско разузнавање.

Во април 2016 година, беше остварена посета на РМ од страна на експерти од Советот на Европа, со цел експертите да се сретнат со претставниците од релевантните институции кои се дел од проектот, за да се соберат потребните информации и да се подготви „Извештај за иницирање на состојбата“ (Initial situation Report). На средбата, националниот тим ги идентификуваше и ги определи потребите, во согласност со моменталната состојба во земјата. Една од предвидените активности се фокусира на унапредувањето на вештините на судиите и на јавните обвинители како и на сите надлежни кои дејствуваат во оваа област преку спроведувањето на обуките, советување итн. По првичните посети, во периодот април-мај 2016 година и по завршувањето на почетната фаза, РМ беше домаќин на првата конференција со која беше одбележан почетокот на проектот.

- **ИПА ПРОЕКТ 2010 „ПОНАТАМОШНА ПОДДРШКА ЗА НЕЗАВИСНО, ОДГОВОРНО, СТРУЧНО И ЕФИКАСНО СУДСТВО И ПРОМОЦИЈА НА УСЛОВНАТА КАЗНА И АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ“**

Соработката со ИПА-проектот започна во текот на 2015-тата година. Во 2016 година, заврши реализацијата на овој проект и во текот на оваа година, се спроведоа следните настани:

- 2 работилници на тема: „Кривично-правни аспекти на корупцијата/Споредбена практика на Хрватска и Европскиот суд за човекови права“;
- 1 работилница на тема: ,,Практична примена на член 5 од ЕКЧП/Случаи на Република Македонија и Република Хрватска пред ЕСЧП’’;
- 1 тркалезна маса на тема: ,,Докажувањето согласно со новиот Закон за кривична постапка – хрватски искуства“;
- „Пробација – нов импулс за условниот отпуст“;
- „Стратегија за комуникација на судовите со јавноста“;
- „Општокорисна работа и условен отпуст во светло на новиот Закон за пробација“;
- „Обука на обучувачи за практичен водич за новиот етички кодекс“;
- „Презентација на Кодексот за судиска етика на судиите во Република Македонија / Етика и интегритет на судиите да се справат со притисоци“;
- „Улогата на пробациската служба во текот на судската постапка согласно со новиот Закон за пробација и решенијата за условниот отпуст“;
- „Извршување на алтернативните мерки за условна осуда и општокорисна работа согласно со новиот Закон за пробација“;
- „Извршување на електронски надзор изречен со куќен затвор или условен отпуст согласно со новиот Закон за пробација”.

Во рамките на оваа соработка, во текот на 2016 година, во два наврата, во работна посета на Академијата беше д-р Рајнер Хорнунг (Rainer Hornung), заменик-јавен обвинител

во Јавно обвинителство Лорах, Германија, со цел да се развие методологија за оцена на обуките, во организација на Академијата, по што експертот изработи Извештај со препораки за развивање механизми за квалитативна оцена на обуките. Со цел да се разгледаат можностите за имплементација на некои од понудените опции, во текот на неговите 2 посети на Република Македонија, тој оствари работни средби со претставници на Министерство за правда, на Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители во РМ, со членови на Управниот одбор, на Програмскиот совет, со предавачи, ментори, судии, кои посетувале почетна обука во Академијата, како и со директорката и стручната служба на Академијата.

- **<u>УНХЦР</u>**

Соработката со УНХЦР резултираше со организација на 3 работилници на тема „Информации за земја на потекло“ и со редовната годишна тркалезна маса, на тема: „Правото и практиката во заштита на бегалците (концепти за безбедни земји)“, наменети за судиите и советниците на Вишиот управен суд и на Управниот суд, кои постапуваат во предмети од областа на азилот, со учество и на претставници на релевантни органи и институции, вклучени во системот на заштита на правата на барателите на азил во РМ – Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител, Македонското здружение на млади правници и други.

Во рамките на соработката со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје, двајца судии од Управниот суд учествуваа на Регионален семинар на тема: „Заштитата на барателите на азил и бегалците во Албанија во врска со член 3 и 5 од ЕКЧП“, што се одржа на 16 ноември во Тирана – Албанија.

- **<u>ГЕРМАНСКО ДРУШТВО ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА – ГИЗ</u>**

Во текот на 2016 година, Академијата, во соработка со ГИЗ Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – правна реформа, организираа Регионална конференција за антидискриминација која се одржа во период од 27 до 30 јуни 2016 година, во Будва, во Црна Гора, со учество на 2 судии.

Инаку, во фаза на формално одобрување е **регионалниот проект „Зајакнување на регионалната соработка помеѓу правосудните академии во земјите од Западен Балкан“,** со поддршка од Германското друштво за меѓународна соработка, Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа – правна реформа, што е предвидено да се спроведува во периодот **јануари 2017 – октомври 2018 година**.

Со проектот се предвидува развивање регионален модул за обука по право на ЕУ, регионален модул за обука за обучувачи по методологии и вештини, формирање регионална база на обучувачи кои предаваат на правосудните академии во регионот, размена на искуства и судска практика со Европскиот суд за човекови права во Стразбур и родово сензитивирање на судиите од регионот преку подготовка на „Прирачник за родово сензитивиран пристап за решавање на случаите на родово базирано насилство во земјите од Западен Балкан”.

## ➢ БРИТАНСКА АМБАСАДА

Академијата, во рамките на соработката со Британската амбасада во Република Македонија и Судскиот колеџ од Лондон, на 7 и 8 март 2016 година, организираше и одржа семинар на тема: „Унифицирана судска практика за македонските судии". Семинарот се состоеше од два одделни настана на кои присуствуваа вкупно 36 судии, 5 службеници, 3 претставници од Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и 4 претставници од Академијата. Воедно, во соработка со Британската амбасада во РМ и Судскиот колеџ од Лондон, на 11 и 12 мај 2016 година, организираа специјализирана обука на обучувачи за „Европската конвенција за човекови права", на која целна група учесници беа учесници од листата на предавачи на Академијата, а присуствуваа 11 судии и 2 јавни обвинители.

## ➢ ОБУКИ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ *TAIEX* ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со финансиска поддршка на инструментот *TAIEX* за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската Унија, во текот на 2016 година, беше одржана 1 работилница на тема: ,,Заштита на конкуренцијата според правото на ЕУ''. Воедно, беа одобрени поголем број апликации за реализирање на работилници, во текот на 2017 година.

## ➢ ТВИНИНГ-ПРОЕКТ ЗА ЕФИКАСНА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Во рамките на соработката со Државната комисија за спречување на корупција и на Твининг-проектот за ефикасна превенција и борба против корупцијата, финансиран од ЕУ, Академијата организираше тридневна работилница, на тема: ,,Воедначена судска практика''. Целта на оваа работилница беше поканетите учесници да бидат вклучени во изготвувањето на прирачникот за воедначена судска практика, а воедно беа развиени и корисна дискусија и размена на искуства помеѓу експертите од Република Македонија и Германија. Воедно, активно учествуваше во сите настани кои се однесуваа на обуката на судиите и обвинителите од оваа област.

## ➢ ТВИНИНГ-ПРОЕКТ СО ХРВАТСКА И ЛАТВИЈА

Во рамки на Твининг-проектот „Зајакнување на владеење на правото", чиј носител е Министерството за правда, во делот на Компонента 2 од Проектот – „Подобрување на знаењата и капацитетите на релевантните чинители на правосудниот сектор за правото на ЕУ и други меѓународни стандарди за правда, во поглед на поттикнување нивно транспонирање во националното законодавство", организираше вкупно 5 обуки, а погоре подробно се наведени.

## ➢ ТВИНИНГ-ПРОЕКТ СО КРАЛСТВОТО ДАНСКА

Твининг-проектот „Зајакнување на спроведување на правата од интелектуална сопственост“, кој е финансиран од ЕУ, во рамките на ИПА-програмата 2011, со времетраење од 19 месеци, има за цел да ја поддржи земјата во усвојување и спроведување на најдобрите меѓународни практики во врска со спроведување на правата од интелектуална сопственост, во рамките на општата цел да се зголеми ефикасноста на подготовката на земјата за членство во ЕУ. Во рамките на реализацијата на проектните активности во делот што се однесува на Академијата, во ноември 2016 година, во периодот од 1 до 18 ноември, се реализираа вкупно 5 обуки, посветени на кривично-правните, граѓанско-правните и управно-судските аспекти на спроведувањето на правата на интелектуална сопственост, а погоре подробно се опишани.

Во 2017-тата година, ќе се продолжи со реализација на обуките кои ќе се спроведат регионално, по апелациски подрачја, а во рамките на Проектот ќе биде изготвен и „Прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост“, наменет за судиите, јавните обвинители и другите правни професионалци.

Во реализацијата на обуките, како обучувачи се вклучени експерти за спроведување на правата од интелектуална сопственост од земји-членки на ЕУ.

- **<u>МРЕЖА НА ИНСТИТУЦИИ ЗА ОБУКА НА ПРАВОСУДСТВОТО ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН</u>**

По поканата на Секретаријатот на Советот за регионална соработка (РЦЦ), претставници на Академијата присуствуваа на четвртата координативна средба на правосудните академии од регионот, која беше наменета на размена на искуствата во областа на работата со регионалните и меѓународните проекти, во делот на едукацијата на правосудниот сектор, што се одржа на 9 ноември 2016 година, во Белград, во Р. Србија.

Средбата им даде можност на претставниците од сите земји-учеснички да дискутираат за досегашните искуства во реализацијата на обуките за правосудниот сектор, во рамките на регионалните и меѓународните проекти и за можностите за идна продлабочена соработка на правосудните академии во регионот и заедничко учество во релевантни регионални проекти, за да се избегнат преклопувањата на активностите, со цел да се обезбеди поголема ефективност на обуките и создавање база на податоци и материјали во различни сфери на правото, со акцент на правото на ЕУ, кои би ги користеле сите правосудни академии во регионот.

Од координативната средба, ќе произлезат заклучоци кои, врз основа на дискусиите, ќе ги изготви Советот за регионална соработка.

# IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ➢ СТУДИСКИ ПОСЕТИ

Продолжи и практиката на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија, во студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции, во странство. Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно беше вклучена во организација на тренинг-активностите со поголем број проекти.

Во текот на 2016 година, Академијата реализира вкупно 21 студиски посети во странство, со учество на вкупно 2 претставници од Советот на јавни обвинители, 3 од Судскиот совет, 24 судии и 21 јавен обвинител, 6 претставници од Академијата и 1 претставник од други институции, од кои:




## ➢ МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДА И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА СОГЛАСНО СО ПОТПИШАНИОТ ТРИГОДИШЕН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Академијата за судии и јавни обвинители, Амбасадата на Република Франција во РМ и Националната школа за магистрати (ЕНМ) Бордо – Република Франција, во 2016-тата година, успешно ги реализираа предвидените активности како на полето на почетната обука така и на полето на континуираната обука. Во тековната година беа реализирани две советувања, посветени на следните теми: „Менаџмент со судовите" што беше наменето за претседателите на судовите/судските администратори, и „Обука на обучувачи", при што целна група учесници беа учесници од листата на предавачи на Академијата, а присуствуваа 7 судии, 3 јавни обвинители, 2 службеници, 2 претставници од Министерството за внатрешни работи и 1 претставник од Царинската управа на Република Македонија.

Исто така, кандидатот од ЕНМ, д-р Светлана Зашова, успешно го реализираше својот тринеделен стаж во Македонија, а на почетокот од 2017-тата година, Академијата ќе овозможи реализиција на тринеделен стаж на г-ѓа Емили Петреска, кандидат од ЕНМ.

Во втората половина на 2016-тата година, започна и реализација на часови за изучување на францускиот јазик – напредно ниво, која за судиите и јавните обвинители започна во септември 2016 година. Со оглед на фактот што во овој случај Амбасадата не даде можност да се изучува францускиот јазик на почетно ниво, формирана е една група, составена од судиите и јавните обвинители, кои претходно го посетувале курсот и тие продолжија понатаму, на ниво Б1.

Во проекциите за 2017-тата година, кои се во рамките на продолжувањето на соработката, предвидено е потпишување нов „Меморандум за соработка помеѓу Академијата и Амбасадата на Република Франција", со што ќе се обезбеди поддршка на Академијата во реализацијата на нови 4 обуки, посветени на актуелни теми од областа на правото како и студиски посети, наменети за судиите и јавните обвинители во земјата.

- **ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА**

Во соработка со Европскиот центар за судии и правници, европски институт за јавна администрација – ЕИПА, во периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година, одржани се 2 обуки со учество на вкупно 88 учесници, на следната тема:

- **„**Ефикасност и квалитет на правдата: Кој е одговорен за ефикасно спроведување на правдата**"**, при што се одржани 2 обуки, со учество на вкупно 46 учесници, од кои 18 претседатели на судови, 12 судски администратори, 15 јавни обвинители на јавните обвинителства и 9 секретари, односно раководители на јавните обвинителства.

Исто така, од особено значење во рамките на соработката на Академијата и ЕИПА, е тоа што како резултат на успешна соработка, Академијата веќе неколку години номинира учесници на семинари во рамките на Каталогот на активности на ЕИПА, отворен за учество на учесници од други држави, и во текот на 2016-тата година, Академијата номинираше 3 учесници.

Во тек е подготовка на долгорочен проект со ЕИПА за посебен модул за обуки за ЕУ-право и судската администрација.

- **ПРАВОСУДНА АКАДЕМИЈА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА**

Во рамките на успешно воспоставената соработка помеѓу Академијата и Правосудната академија на Република Турција, во рамките на меѓусебната соработка, се одржа советување на тема: „Компјутерски криминал“, кое се одржа на 21 и 22 април 2016 година, со присуство на 3 судии, 5 јавни обвинители, 8 судски и јавнообвинителски соработници и 9 адвокати, како и јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и претставник од Министерството за внатрешни работи, во својство на излагачи, покрај експертите од Република Турција. Воедно, на студиската посета 24-28 октомври, со директорот на Правосудната академија на Турција, во присуство и на Амбасадорот на РМ во Р. Турција, г-н Звонко Муцунски, беа договорени понатамошни чекори за продлабочување на соработката помеѓу двете академии, но помеѓу одделните правосудни институции, особено во делот на размената на знаењата во делот на компјутеризацијата на судството.




## X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Под влијание на новите достигнувања во информатичката технологија во 2016 година, Академијата, во насока на усовршување на Програмите за почетна и континуирана обука, презема поголем број иновативни чекори, со кои се надгради целокупниот компјутерски систем на Академијата.

Во рамките на повеќегодишниот проект на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со Академијата за судии и обвинители, беа спроведени низа базични и напредни обуки за правни практичари за имплементација на Законот за кривична постапка („Службен весник на РМ“, 150/2010,100/2012). Напредните обуки од 2013-тата год., беа видеоснимани, со цел да се овозможат нивно зачувување и понатамошно користење. Како резултат на видео, но и на пишаните материјали од напредните обуки, во 2015 година, како пилот-проект се изработи оваа тематска веб-страница. Таа го опфаќа првиот дел од вкупниот материјал, поделен во четири модули, односно оваа страница се однесува единствено на Модул 1 од обуките за имплементација на Законот за кривична постапка, насловен како „Предистражна постапка“. Крајната идеја на активноста е да се создаде платформа за е-учење, со цел материјалот од обуката да се направи достапен во електронска форма за сите сегашни и идни генерации правни практичари. Во 2016-тата година, Академијата, следејќи ги новините во областа на информатичката технологија, ги обработуваше можностите за надградба и имплементација на дел од нив, со што би станал поефикасен сегашниот модул на далечинско учење.

## XI БИБЛИОТЕКА

Во тековната 2016 година, во согласност со потребите и интересите на своите крајни корисници, но и со својата функција, Академијата продолжи да го збогатува библиотечниот фонд со нови стручни правни наслови од истакнати домашни и странски правни практичари. Истовремено, редовно, на својата веб-страница, Академијата објавуваше правни текстови како и врски (линкови) до бази на податоци, сé со цел да се обезбеди широк спектар на релевантни информации до сите заинтересирани посетители на веб-страницата на Академијата.

Академијата, на својата веб-страница, во текот на целата година, ги објавуваше билтените на меѓународните институции, кои редовно се доставуваат до Академијата, како и други релевантни текстови што беа испратени од страна на експерти и практичари на правото, со кои е остварена соработка која продолжува во континуитет.

Во рамките на соработката со Советодавниот совет на европските судии при Советот на Европа – CCEC и на ГРЕКО, на својата веб-страница, Академијата ги објавуваше сите релевантни документи, донесени и усвоени од страна на овие две тела, а дел од нив беа преведени и објавени на македонски јазик.

# XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **БУЏЕТ**

За 2016 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 41.403.000,00 денари.

Од почетокот на 2016 година, заклучно со 31 декември 2016 година, Академијата има реализирано 28.754.712,00 денари од својот буџет.

| **2016 година** | **Одобрен буџет 41.403.000,00** |
|---|---|
| 401 Основни плати | 17.724.000,00 |
| 402 Придонеси | 6.718.000,00 |
| 420 Патни и дневни расходи | 784.000,00 |
| 421 Комунални услуги | 3.162.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 1.300.000,00 |
| 424 Поправки и одржување | 850.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 9.750.000,00 |
| 426 Други тековни расходи | 1.000.000,00 |
| 464 Други трансфери | 15.000,00 |
| 480 Купување опрема | 100.000,00 |

## Буџет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ по години




- **ЈАВНИ НАБАВКИ**

Во текот на 2016 година, Академијата реализираше вкупно 19 постапки за јавни набавки, сите преку постапка со барање за прибирање понуди, а во согласност со донесениот „План за јавни набавки за 2016 година“.

# XIII СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процеси, кој Академијата го имплементира во текот на 2011-тата година, претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители, која Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидување и планирање на потребниот број обуки, по области, со цел на сите целни групи да им се овозможи да го исполнат задолжителниот број денови обука за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Во поглед на статусот на јавните обвинители, од Советот на јавните обвинители на РМ се добиени податоци за јавните обвинители и тие се внесени во базата на Академијата.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2016**
**Вкупно судии и јавни обвинители**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2016 година**
**Вкупно судии**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2016 година**
**Вкупно јавни обвинители**



## XIV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Редовно, јавно и транспарентно информирање за своите активности, Академијата обезбедува преку својата интернет-страница www.jpacademy.gov.mk, на огласната табла, но и со објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“.

Со цел за навремено информирање за сите позначајни активности, Академијата, на својата веб-страница, во текот на 2016 година, објави повеќе од 260 постови (текстови и врски односно линкови), додека во соработка со Македонската новинска агенција – МИА, од страна на МИА беа покриени 20 настани, на кои учествуваа правни експерти од земјата и од странство, национални и странски практичари на правото како и високи претставници на дипломатскиот кор во РМ. Исто така, покрај МИА, дел од настаните беа медиумски покриени од страна на поголем број електронски и пишани медиуми од земјата. За поголем број од настаните, исто така, имаше објави и од специјализираниот правен портал „Академик“, а воедно беа објавени и поголем број интервјуа на истакнати странски експерти кои имаа излгања на значајни теми од областа на правото.

Во 2016 година, продолжи успешно воспоставената практика помеѓу Академијата и Адвокатската комора на Република Македонија, за објавување настани на веб-страниците на двете институции, со што се зголеми транспарентноста, но и интересот за обуките на Академијата, каде што сè поприсутни станаа адвокатите.

За високиот углед на Академијата надвор од границите на државата, говори и интересот што го покажуваат значајни тела на Советот на Европа и ЕУ, преку објавување написи, врски (линкови) и сл., за реализираните активности на Академијата.

Во 2016 година, во согласност со статистиките, веб-страницата на Академијата ја посетиле 1236 посетители, што укажува на тоа дека од година во година се зголемува интересот на граѓаните на Република Македонија за улогата и работата на Академијата, а воедно и дека Академијата посветува посебно внимание на транспарентното работење, преку редовно објавување на нови содржини.




Академијата за судии и јавни обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, на огласната табла и со објавувањето на усвоените акти, во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за

работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата како: актите, организациската структура и организацискиот состав, програмите за обука, календарите на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира, таа доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасоска

ЈАВНА УСТАНОВА АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ